# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПСИХОЛОГИЈА НА ОБЛЕКУВАЊЕТО” ОД ДОЦ. М-Р ЈОРДАН ЕФРЕМОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302 – 129/11 од 83. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 7.12.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доц. м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев – Штип;
- доц. д-р Сања Ристески, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ПСИХОЛОГИЈА НА ОБЛЕКУВАЊЕТО” од доц. м-р Јордан Ефремов, наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „ПСИХОЛОГИЈА НА ОБЛЕКУВАЊЕТО“ – скрипта. Предметот е со назив Психологија на облекување и се слуша во IV (четврти) семестар како изборен предмет (факултетски), со фонд на часови 2+1+1, застапен во студиските програми Текстил дизајн и менаџмент и Дизајн на текстил и облека. Материјалот кој е опфатен во скриптата е во согласност со Наставната програма за предметот Современа уметност и дизајн и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** Материјалот е презентиран на 136 страници, А4 формат, со нормален проред. Поради неопходноста од визуелна презентација и во интерес на презентираниот пишан материјал, во ракописот се поместени 125 фотографии. Обемот на ракописот - скрипта по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис - скрипта со сличен наслов досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Феноменот на модата, облеката и облекувањето е навистина комплексен. Овој феномен се согледува од аспект на социологијата, историјата, антропологијата и костимографијата. Еден од позначајните, поспецифичните и неизбежни аспекти на облекувањето исто така е и неговиот психолошкиот аспект, поточно психологијата што облекувањето ја носи со себе.

Целта на презентираниот текст во ракописот со наслов „Психологија на облекувањето“ е да се согледаат визуелните, естетските, но и многу подлабоките причини за значењето на облекувањето. Исто така, целта на овој ракопис е да се истражат и да се дадат одговори на прашањето: зошто чинот на облекувањето претставува толку значаен дел од секојдневниот живот? Облеката на тој начин укажува на одредени сегменти на личноста, таа може да ја открие општествената, политичката и сексуалната припадност, па дури може понекогаш да ја открие психолошката состојба на оној што ја носи таа облека.

Презентираниот материјал во ракописот опфаќа осум поглавја односно осум дела.

Првиот дел е со наслов Надворешен изглед. Во овој дел е опфатен поимот надворешен изглед, се презентира што претставува облеката и кои елементи го сочинуваат надворешниот изглед. Потоа се зборува за основните функции на облеката, за начините на облекување, се зборува за димензиите на социјалното значење на облеката и за хронолошките промени во облекувањето.

Второто поглавје ја опфаќа модата. Во него се опфатени почетоците и настанувањето на модата, опфатени се поимот и дефиницијата за модата. Понатаму се зборува за формите на облекување. Во овој дел е опфатена и поделбата на модата, односно нејзините видови, како што се: високата мода или Haute Couture, потоа маркираната конфекција или pret - a- porter или ready to wear, потоа опфатена е масовната мода, уличната мода, модата определена според времето во кое е создадена, опфатена е актуелната мода, класичната мода, фад или краткотрајниот моден хит.

Во понатамошниот текст од вториот дел се опфатени аспектите на модата и на облекувањето. Опфатена е релацијата помеѓу модата и стилот, опфатени се облиците на изразување на модата, авангардната и секојдневната мода, и авангардната и реакционерната мода.

Во третото поглавје се зборува за односот на личноста кон облекувањето. Опфатени се типологиите на личности во модата. Тука се опфатени општествените групи во кои припаѓаат одредени личности, преку облеката која ја носат и ја практикуваат. Понатаму се зборува за облеката како надворешен знак, за самоизразувањето и самопотврдувањето на личноста преку облеката, за креирање на имиџ кај личноста преку облеката и опфатени се типологиите на личности во модата. Во понатамошниот текст од третото поглавје се опфатени типовите на личности формирани според одредени општествени околности, а дефинирани според социолошките истажувања. Овде се зборува за отуѓената наспроти разотуѓената личност, за егоистичната наспроти алтруистичката личност, за тоталната личност како и за бирократската, наспроти технократската личност. Понатаму опфатени се типологиите на личности определени според американскиот социолог и аналитичар Дејвид Рисман. Во овој дел е опфатена уште една интересна поделба на различните типови на личности, во однос на облекувањето и модата, а тоа е Дескамсовата типологија - Марк Алан Дескамс – Marc Alain Descamps, француски филозоф, психијатар и професор на Универзитетот Сорбона во Париз.

Во четвртото поглавје се зборува за изразувањето на личноста преку облекувањето. Се зборува за маскирањето на личноста и облекувањето, за постигнување на духовна и психолошка рамнотежа преку облеката, за зборува за компензирање и анулирање на чувството за инфериорност преку облеката, како и за покажувањето на статусот на една личност преку облека и современите видови на статус и моќ. Во понатамошниот текст се зборува за улогата на личноста при носењето и изнесувањето на облеката, поточно за промените на таа облека, во зависност од тоа која и каква личност таа облека ја носи и со каков стил тоа го прави. Во ова поглавје опфатена е улогата и значењето на деталите кај облеката, влијанието на облеката врз нашето размислување, како и нејзината способност за создавање на силен краткотраен т.е. блиц впечаток за некоја личност.

Во петтиот дел се опфатени социјалните класи и облеката. Имено, во ова поглавје најпрво се зборува за историјата и супстанцијата на социјалната класа, потоа опфатени се теориите за социјална класа, а особено нејзиното влијание кон крајот на дваесеттиот и во почетокот на дваесет и првиот век. Во ова поглавје, опфатена е брендираната облека, нејзината улога и значење во современиот живот. Се зборува за престижот, како и за современите видови на статус и моќ.

Во шестото поглавје се опфатени аспектите на облекување за соодветни пригоди. Во овој дел се зборува за облеката за работа, за аспектите на облекување во познати брендови, за имањето на претпазливост и мерка при облекувањето за работа. Опфатени се современите дрес кодови кои се користат при облекување за работа, понатаму опфатена е униформираната облека, опфатена е облеката која треба да се облече за формални

пригоди и настани, како што се облека за свадби и венчавки заедно со одредените правила и кодови при облекување за ваквите церемонии. Опишани се аспектите за тоа е што треба да се преферира, а што треба да се одбегнува да се облече за ваквите свечености. Понатаму опфатена е облека за забави кои се дефинирани со одреден дрес код, понатаму облека која би требало да се преферира за свечени вечери, облека за коктел забави, облека за театар, облека за верски обреди – крштевка и сл., како и облека за погреби и комеморации.

Во седмото поглавје се зборува за кодексот на облекување. Најпрво се дефинира што значи кодексот на облекување. Понатаму опфатени општите карактеристики на кодексот на облекување и неговото значење како основа во професионализмот. Понатаму се опфатени стандардите за соодветно облекување, упатствата за формалното облекување, за различни пригоди и настани. Овде се опфатени основните кодекси на облекување, почнувајќи од класичните кодови па до современите модифицирани кодови како што се: Black tie – црна вратоврска, White Tie – бела вратоврска, Black tie-optional - црна вратоврска со повеќе опции, Creative Black tie – креативна црна вратоврска, Cocktail – коктел облека, Festive – празнична облека, Business formal – формална бизнис облека, Business casual – помалку формална бизнис облека, Casual - dressy – секојдневна разиграна облека, Smart Casual - интелигентно секојдневна облека, Casual – секојдневна облека и School Dress Code – училиштен дрес код.

Во осмото поглавје од ракописот се зборува за сугестијата и психологијата на боите при облекувањето и нивното особено значење. Презентирано е психолошкото значење при облекувањето, на боите и тоновите, кои го сочинуваат сончевиот спектар, односно хроматските бои. Исто така, презентирано е психолошкото значење на неутралните односно на ахроматските бои т.е. белата, црната и на нивните сиви тонови. Опфатено е значењето и на пастелните бои и тонови. Исто така, опишано е различното културолошко и традиционално значење на боите во различни културолошки средини односно во различни земји во светот.

На крајот од осмото поглавје од ракописот опфатен е феноменот на комбинирање на боите во модата и облекувањето. Се зборува за нијансирањето на боите, за температурата и интензитетот на боите, а опфатени се принципите на комбинирање на боите, како што се: комбинција по принципот на комплементарните или контрастните бои – комплементарна шема. Понатаму опфатена е комбинацијата по принципот на раздвојување на комплементарните бои – раздвоена комплементарна шема. Се зборува за комбинација по аналоген принцип – аналогна шема на бои, потоа за тријадичната шема и тетрадичната шема од бои.

## ЗАКЛУЧОК

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „Психологија на облекувањето“ – скрипта пријавен од авторот доц. м-р Јордан Ефремов е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно- научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да го прифати рецензираниот ракопис со наслов „Психологија на облекувањето“ – скрипта, пријавен од авторот доц. м-р Јордан Ефремов и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензирана скрипта, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип негово соодветно издавање.

**Рецензенти**

**М-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, доцент, с.р.**

**Д-р Сања Ристески, доцент, с.р.**